**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

**Билтен број 943**
**Скопје, 2 јуни 2008 година**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата **XXXXVIII** редовна седница одржана на 14.V 2008 година, определи Рецензентска комисија по конкурсот за избор на наставник во сите звања, по предметот максилофацијална хирургија, во следниов состав: проф. д-р Славе Наумовски, проф. д-р Марија Накова, проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Драгољуб Велевски и проф. д-р Јулијана Ѓоргова.

На конкурсот објавен во "Вечер" на 21.III 2008 година, се пријави проф. д-р Владимир Поповски, вработен на Клиниката за максилофацијална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Материјалот за избор во звањето редовен професор на Катедрата за максилофацијална хирургија на проф. д-р Владимир Поповски беше детално разгледан од Рецензенската комисија и заклучивме дека претставува посебност најмалку по две карактеристики. Кандидатот е препорачан од две катедри на Стоматолошкиот факултет за избор шест месеци пред истекување на формалниот рок како вонреден професор, законско решение што досега не било користено при изборите на Факултетот. Самиот материјал е посебен приказ на еден исклучителен професионален развој, стручно научна кариера каква што еден редовен професор на Стоматолошкиот факултет треба да има. На мислење сме дека овој извештај сам по себе поставува нови стандарди при креирањето на кадровската политика на нашиот Факултет. Поради тоа, а и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата со задоволство го разгледа достигнатиот материјал, прескокнувајки ги формалните услови и го дава следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Вонредниот професор д-р Владимир Поповски е роден во Битола, Р.Македонија, на 25.VI 1956 година, во семејство на просветни работници. Основно и средно образование завршил во родниот град.

Студиите ги започнал во 1974 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а ги завршил на почетокот од 1980 година.

По претходна самостојна дејност, од 1982 година станал лекар-секундарец во Службата за максилофацијална хирургија во Битола. Специјализацијата по максилофацијална хирургија ја започнал во 1984 година со петгодишно траење и успешно ја завршил во април 1989 година.

Од 1989 до крајот на 1994 година, работел како самостоен специјалист по максилофацијална хирургија при Одделот за максилофацијална хирургија во Медицинскиот центар-Битола.

Во 1995 година редовно се вработил на Клиниката за максилофацијална хирургија во Скопје. Самостојната хируршка работа ја извршувал најсовесно и со висок фонд на сопствена оператива од комплетната казуистика на максилофацијалната хирургија.

Првиот асистентски избор по предметот Максилофацијална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје му бил во март 1996 година. Стрпливо, совесно и професионално им ги пренесувал своите знаења на помладите колеги во рамките на редовната практична настава. Постојано е активен како ментор на успешно презентирани студентски теми од студентски конгреси. Комплетно е вклучен во редовната и во постдипломската настава, како и во менторства на постдипломци и специјализанти.

Во два наврата бил на стручен престој на соодветниот оддел на Каролинска институтите во Стокхолм. Активно учествувал на повеќе конгреси и симпозиуми, во земјата, како и на повеќе европски и светски конгреси и симпозиуми од кои позначајни се во Кучинг-Малезија, Анталија-Турција, Линц-Австрија, Вашингтон ДС-УСА, Атина-Грција, Ровињ-Хрватска, Анкара-Турција, Тур-Франција, Виена-Австрија, Барселона-Шпанија. Во Кјото, Ровињ, Атина и Виена, бил назначуван и раководел во работни претседателства на сесии.

Во 1997 година бил примен за редовен член на Американската асоцијација за орална и максилофацијална хирургија (ИОМФС), а од 1998 година е придружен член на Европската асоцијација за кранио-максилофацијална хирургија (ЕАЦМФС).

Во април 1998 година успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов: "Хируршка верификација на дијагностиката на паротидните тумори".

Во почетокот на 1999 година бил избран за доцент по предметот максилофацијална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје. По позитивна рецензија од декември 2003 година, на почеток на 2004 бил избран за вонреден професор по предметот максилофацијална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Автор и коавтор бил на повеќе од 110 стручни и научни трудови, доктор на стоматолошките науки, соработник и коавтор на шест учебника од областа на максилофацијалната хирургија, учесник на четири научни проекта и ментор на студентски презентирани теми. Вклучен е во едукација и менторства на специјализанти и магистранти. Носител и главен истражувач е на успешно реализиран проект преку Министерството за наука. Комплетно е вклучен во редовна и постдипломска настава, како и во менторства на постдипломци и специјализанти.

Од јуни 2000г бил вклучен во активни предавачи на Американската асоцијација на хирурзи на главата и вратот со научни предавања во балкански земји.

Во 2001г бил избран и номиниран во Editorial Board на списанието „Pro Otology", публикувано од Европската академија за отологија и невро-отологија.

Во 2002г бил назначен во редакцискиот колегиум на списанието lActa Chirurgica Macedonica", публикација на Македонската хируршка асоцијација.

Во почетокот на 2004 година бил назначен за раководител на континуираната едукација на Стоматолошкиот факултет во Скопје на која функција во факултетската управа е и денес. Модератор бил на четири досегашни постедукативни семинари во рамките на континуираната едукација на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како претседател на организацискиот одбор успешно го реализирал одржувањето на првиот Македонски конгрес на максилофацијална и хирургија на вратот со интернационално учество одржан во мај 2006 година во Охрид.

Во почетокот на 2007 година бил номиниран за директор на Едукациониот тренинг центар за орална и максилофацијална хирургија во Скопје, акредитиран и под покровителство на Европската асоцијација за кранио-максилофацијална хирургија, со мандаторен период 2007-2009 година.

Бил шеф на оперативен тракт во два мандата, претседател на Советот на Медицинскиот центар во Битола, претседател на Здружението на лекарите на град Битола. Во текот на 2001 година бил назначен за прв државен секретар при Министерството за здравство на Република Македонија. Во мај 2004 бил избран за претседател на Здружението за максилофацијална хирургија на Република Македонија. Назначен бил за директор на Клиниката за максилофацијална хирургија во октомври 2006 година, а и денес е актуелен директор на Клиниката за максилофацијална хирургија. Во истиот период бил избран за советник на Министерот за здравство на Р. Македонија како член на Здравствениот совет. Актуелен претседател е и на Комисијата за доделување на звањето примариус, при Министерството за здравство на Р. Македонија со мандат започнат од септември 2006 година.

Вонредниот професор д-р Владимир Поповски, како наставник, покажува особен интерес за стручната работа, редовен е и совесен со студентите, а со вработените има коректен колегијален однос. Покажува труд и смисла своите стручни сознанија да ги пренесе на студентите и на помладите колеги. Активно предава и објавува на македонски и англиски јазик, а го користи и шведскиот.

Од изборот во звањето асистент до изборот за вонреден професор по предметот максилофацијална хирургија, кандидатот приложил 72 труда, кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр.656 од 1996 година, 708 од 1998 година, 729 од 1999 година и 850 од 2003 година.

## **<u>ТРУДОВИ ПРИЛОЖЕНИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР</u>**

1. (73) <u>Popovski V.</u>, Janevska V., Monevska D., Pecanovski R.
"PROTOCOL OF THE NECK MANAGEMENT IN HEAD AND NECK MALIGNANCY"

XVI International Conference (World Congress) on Oral and Maxillo-facial surgery, Athens, Greece, April 2003, Oral Presentation.
International Journal of Oral and Maxillofacial Surgery; Supplement no.1, Vol.32, 2003, O 31.3/63

Трудот е рецензиран во Билтенот 880 од 2005 година.

2 (74) Popovski V., Grcev A., Pantcevski G.
"EVALUATION OF TREATMENT IN METASTASES TO THE PAROTID GLAND"
XVI International Conference (World Congress) on Oral and Maxillo-facial surgery, Athens, Greece, April 2003, Oral Presentation.
International Journal of Oral and Maxillofacial Surgery; Supplement no.1, Vol.32, 2003, O23.4/49.

Трудот е рецензиран во Билтенот 917 од 2007 година.

3. (75) Поповиќ-Моневска Д., Поповски В., Грчев А., Панчевски Г., Божовиќ С.
"ОРАЛЕН КАНЦЕР: ОПРАВДАНОСТ НА ВРАТНАТА ДИСЕКЦИЈА"
XVI конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, јуни 2003,
Македонски медицински преглед 56: супл.54, 107-08

Трудот е рецензиран во Билтенот 880 од 2005 година.

4. (76) Поповски В.,
"БАЗИЧНИ ПРИНЦИПИ ВО ТРЕТМАНОТ НА ПОВРЕДИТЕ НА ЛИЦЕВО-ВИЛИчНАТА РЕГИЈА"
10-ти Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија, Охрид 2003, предавања на професор,
Книга на апстракти, 16-17.

Во трудот се нагласува дека речиси секој современ доктор во текот на својата практика ќе биде во ситуација да на одреден начин учествува во згрижување на повреди од различен тип. Впрочем, повредите на разни делови од телото отсекогаш го следеле човековиот живот, но со сегашниот современ начин на живеење, фреквенцијата и разновидноста се многу поголеми. За докторот - стоматолог од особена важност е познавањето на основните принципи на решавањето на лицево-виличните повреди, односно протоколот на примарните мерки, кои се неопходни за превенирање на можните тешки компликации. Елаборирани се фазите на ургентниот и класичен третман на различните локалитети на фрактури.

Трудот има стручно и едукативно значење.

5 (77) Popovski V., Grunevski M.
"CONTEMPORARY SURGICAL ASPECTS IN TUMORS OF DEEP LOBE OF THE PAROTID GLAND AND PARAPHARYNGS" Invited Fac.Lectures
Balkan Radiology Forum, Herceg Novi, October 2003, L-15/34

Трудот е рецензиран во Билтенот 852 од 2004.

6 (78) Grunevski M., Popovski V.,

"COMPARATIVE EVALUATION OF THE DIAGNOSTIC METHODS ON TUMORS OF THE PAROTID GLAND" Invited Faculty Lectures
Balkan Radiology Forum, Herceg Novi, October 2003, L-15/34

Трудот е рецензиран во Билтенот 852 од 2004.

7. (79) Поповски В.,
"ОФОРМУВАЊЕ НА ПОСТОПЕРАТИВЕН ДИЈАГНОСТИЧКИ ПРОТОКОЛ ЗА ТУМОРИТЕ НА ПЛУНКОВНИТЕ ЖЛЕЗДИ ПРЕКУ ХИСТОПАТОЛОШКИ И РАДИОЛОШКИ КРИТЕРИУМИ"
Завршна одбрана на научноистражувачки проект одржана пред претставници на Министерството за наука, Стоматолошкиот факултет и Медицинскиот факултет во Скопје; април 2004 година.

Хирургијата на туморите во плунковните жлезди, нивната дијагностика и оператива, стануваат сé поактуелни поради високата специфичност на овие тумори, и како бенигни и како малигни форми, сé поголемата зачестеност на нивната појава и атипизмот во нивното растење. Бидејќи претходни сознанија за хистолошката анализа на сијаломите со методите на стандардната микроскопија веќе постојат, во ова истражување тие се дополнети и осовременети. Добиените резултати од истражувачката работа се фундаментални сознанија за посебните факторски влијанија на оперативниот метод, радиолошкиот и хемотерапискиот третман со хистолошка референца за секој посебен тип и степен на малигнитет врз степенот на постоперативен морбидитет, пред сé, на фацијалниот нерв и степен на преживување.

Трудот е од особено научно значење.

8. (80) Грчев А., Поповски В., Поповиќ-Моневска Д., Панчевски Г.
"СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ЗАЗДРАВУВАЊЕТО НА СКРШЕНИЦИТЕ НА ТЕМПОРОМАНДИБУЛАРНИОТ ЗГЛОБ"
Acta Chir Maced Vol.2, No 2, Скопје 2004, 41-54.

Трудот е објавен и рецензиран во Билтенот 917 од 2007 година.

9. (81) Popovski V., Iliev A.
"EVALUATION OF EXTENSION PECULIARITIES FROM SALIVARYNEOPLASMS IN ORO AND NASOPHARYNGEAL SPACES"
Invited Faculty Lecturer
2nd Balkan Congress of Radiology, Ohrid 2004, SS55/48-9

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

10. (82) Popovski V., Grcev A., Pantcevski G., Iliev A.
"SURGICAL APPROACH INTREATMENT OF PARAPHARYNGEAL SPACE-OCCUPAING LESIONS"
Acta Chir Maced Vol.3, No1, Skopje 2004, 41-54.

Трудот е објавен и рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

11. (83) Поповски В., Илиев А.
"КЛИНИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА НА КОМПЛЕКСНИ МАКСИЛОФАЦИЈАЛНИ ТРАУМИ"
Македонски медицински преглед, 1-2/2004, 74-80.

Во трудот се евалуираат и се предложуваат доктрините во одлучување на третманот по скелетални локалитети, преку анализа на десет-годишен клинички материјал со комплексна максилофацијална траума. Разработени се дилемите како: одлуки во селектирање на конзервативни наспрема отворени техники, методи на редукција или на репарација, а кај трауми со дефект на ткиво, одлука за примарна или секундарна реконструкција. Врз статистиката на дистрибуцијата на групираните типови фрактури, направена е компарација на дијагностичките модалитети и ефектите од спроведениот третман за различните типови комплексни фрактури.

Трудот има стручно и апликативно значење.

12. (84) Пецановски Р., Поповски В.,
"ТРАХЕОТОМИЈА ВО ОРАЛНА И МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА"
Орална презентација, Здружение на орални хирурзи, ноември 2004

Модерните техники на трахеотомија се дефинирани во последните пет децении, иако оваа хируршка метода се употребува со векови. Иницијалните индикации за трахеотомија, лимитирани на опструктивна респираторна инсуфициенција од траума, денес се проширени и на неоплазми, тешки инфекции и анафилакса во максилофацијалната хирургија. Ургентната трахеотомија во максилофацијалната регија треба да е од долен тип, брза и едноставна во изведувањето. Се потенцира дека индикациите треба да се поставуваат индивидуално за секој засебен случај.

Трудот има стручно значење.

13. (85) Popovski V., Iliev A.
"CONTEMPORARY DIAGNOSTIC EVALUATION OF RECURRENT SALIVARY GLAND SWELLING" Invited Faculty Lecturer
3rd Balkan Congress of Radiology, Ohrid 2004, SS55/48-9

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

14. (86) Поповски В., Грчев А.,
"DIAGNOSTIC EVALUATION OF SIALOMEGALY"Oralna prezentacija
9th Congress of Balkan Stomatological Society, Ohrid 2004, 59-60

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

15. (87) Vasilevski B., Popovski V., Ajeti I.
"AN INOVATIVE PROCEDURE IN SURGICAL TREATMENT OF MANDIBULAR DEFORMITIES"
XVIIth Congress of the European Association for Cranio- Maxillofacial Surgery, Tours, France, September 2004, Oral Presentation
Journal of Craniomaxillofacial Surgery, Volume 32, Supplement 1, 150/312.

Во трудот се предлагаат модификации на инцизионите дизајни на стандардните остеотомски техники на мандибуларниот прогнатизам. Преку анализа на случаи се предлага поширока експлорација на медијалниот аспект на вертикалниот мандибуларен дел.

Трудот има стручно и апликативно значење.

16. (88) Popovski V., Vasilevski B., Grcev A.,Janevska V.
"MINOR SALIVARY GLAND CARCINOMA: ANALYSIS OF PROGNOSTIC FACTORS AND TREATMENT MODALITIES"
XVIIth Congress of the European Association for Cranio- Maxillofacial Surgery, Tours, France, September 2004, Oral Presentation
Journal of Craniomaxillofacial Surgery, Volume 32, Supplement 1, 66/132.

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

17. (89) Грчев А., Поповски В., Панчевски Г., Илиев А
"КОНЗЕРВАТИВЕН ТРЕТМАН НА ВРАТОТ НА ДОЛНАТА ВИЛИЦА - РЕПОЗИЦИЈА"
Македонски стоматолошки преглед, 29 (3-4), 2005, 265-272

Трудот е објавен и рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

18. (90) Поповски В., Грчев А., Панчевски Г., Илиев А
"ДИЈАГНОСТИЧКА И ТЕРАПЕВТСКА ЕВАЛУАЦИЈА НА ДИФУЗНОТО ОТЕКУВАЊЕ НА САЛИВАРНИТЕ ЖЛЕЗДИ"
Македонски стоматолошки преглед, 29 (3-4), 2005, 243-249

Трудот е објавен и рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

19. (91) Бенедети А., Наумовски С., Поповски В., Илиевски Б., Кирков А., Панцевски Г., Илиев А., Серафимоски П.
"КОНТРОВЕРЗИ ЗА ВИЛИЧНИОТ АДАМНТИНОМ"
Македонски стоматолошки преглед, 29 (3-4), 2005,

Трудот е објавен и рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

20. (92) Поповски В. Илиев А.
"СОВРЕМЕН ХИРУРШКИ МЕНАЏМЕНТ НА ТУМОРИ НА ВРАТНИ ЛОЖИ"
Промотивно предавање за МАМФХ
Годишен собир на Здружението на хирурзите на Македонија, Скопје, 2005.

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

20. (92) Bozovic S., Popovski V., Popovic-Monevska D.
"CHRONIC RECURRENT SIALOADENITIS AS A CONSEQUENCE OF THE DUCT SYSTEM OBSTRUCTION OF THE SUBMANDIBULAR GLAND" Poster presentation
10th Congress of the BaSS, Belgrade, may 2005, Balkan Journal of Stomatology, Vol 9, supp.1, 2005, P214/56

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

21. (93) Popovski V., Iliev A. Janevska V.
"EOSINOPHILIC GRANULOMA OF THE JAWS: ANALYSIS OF TRETMENT MODALITIES AND INTERDISCIPLINARY APPROACH" Oral presentation, 10th Congress of the BaSS, Belgrade, may 2005,

Balkan Journal of Stomatology, Vol 9, supp.1, 2005, O102/29

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

22. (94) Popovski V., Benedetti A., Pantchevski G.
"EVALUATION OF DIAGNOSTIC AND TREATMENT MODALITIES IN ACESSORY LOBE TUMORS OF PAROTID GLAND" Oral Presentation XVII International Conference (World Congress) on Oral and Maxillo- facial surgery, Vienna, Austria, August 2005, Oral Presentation.
International Journal of Oral and Maxillofacial Surgery; Supplement no.1, Vol.34, 2005, O31.2.

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година

23. (95) Benedetti A., Naumovski S., Popovski V., Ilievski B.
"CONTROVERSY ABOUT JAWS ADAMNTINOMA" Oral Presentation XVII International Conference (World Congress) on Oral and Maxillo- facial surgery, Vienna, Austria, August 2005, Oral Presentation.
International Journal of Oral and Maxillofacial Surgery; Supplement no.1, Vol.34, 2005, O37.2.

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

24. (96) Kuzmanovski I., Ristova M., Šoptrajanov B., Stefov V., Popovski V.
"DETERMINATION OF THE COMPOSITION OF SIALOLITHS COMPOSED OF CARBONATE APATITE AND ALBUMIN USING ARTIFICIAL NEURAL NETWORKS"
Elsevier, Talanta 62, 2005, 813-817

Трудот претставува комплетирана научна студија на најнови хемометриски методи за детекција и детерминација на составни компоненти на сиалолитите, како важен дел во одредување на третманот или превенција од нивно понатамошно појавување. Артефициелни неуронски мрежи се основата врз која е базирана методата на нивната употреба за егзактна детерминација на карбонат апатитот и албуминот како најчесто утврдени компоненти. Препораката е оваа аналитичка метода да биде употребувана во понатамошни рутински анализи, а потврда се вредностите добиени преку статистичка евалуација.

Трудот има научно и апликативно значење.

25. (97) Popovski V., Isufi R.
"CONTEMPORRARY APPROACH TO DIAGNOSIS AND SURGICAL TREATMENT OF PAROTID NEOPLASMS"
Revista Stomatologgjike, Vol 4, (34), 2006, 322-26

Трудот е сублимат на сопствени и пошироки научни искуства во однос на современата и комплетна корелација на анализиран материјал од дијагностички, хируршки и патохистолошки аспект. Анализиран е материјал од десетгодишно искуство на пациенти оперирани од тумори на паротидните плунковни жлезди. Користен е научноафирмиран пристап во појаснувањето на структурно-

функционалните аспекти на регијата и оригиналноста во егзактно одредување на стеблото на фацијалниот нерв. Акцентирани се сопствените веќе афирмирани искуства со екстензија во радикалноста и егзактноста на хируршкиот пристап. Конфирмацијата на соодветноста на ваквиот пристап е статистички изведена од резултатите добиени и компарирани со најзначајни студии во врска со нивото на испади на фацијален нерв, рецидиви, време на преживување и други можни компликации. Најсовремените оперативни и дијагностички пристапи екстензивно се дискутирани со посебен акцент на индивидуалните искуства.

Трудот има научно, стручно и апликативно значење.

26. (98) Pancevski G., Popovski V., Grcev A., Iliev
"A RETROSPECTIVE ANALYSIS OF MANDIBULAR FRACTURES TREATMENT USING MINIPLATES"
First Macedonian congress on maxillofacial and neck surgery with international participation, 25-27 May, 2006, Ohrid, 19-20.

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

27. (99) Popovski V.
"MALIGNANT PAROTID GLAND NEOPLASMS: CONTEMPORARY MANAGEMENT AND QUANDARIES" Keynote Lecture
First Macedonian congress on maxillofacial and neck surgery with international participation, 25-27 May, 2006, Ohrid, R.Macedonia, 2-4.

Во трудот е разработена компаративна научна студија на круцијални прогностички фактори, кои сеуште се извор на бројни дилеми околу третманот на оваа група малигни тумори. Најсовремено се елаборирани хистолошките типови и градуси до новите класификации. Алгоритамот на современата дијагностичка процедура е со акцент на ниската сензитивност на аспирациона биопсија за оваа патологија како контроверза. Засебен осврт е изведен за и околу дилемите во треманот на локалните и далечните метастази со статистичка ефектуираност. Назначената научна важност во овој труд е разбивањето на контроверзата во однос на третманот на фацијалниот нерв при различните хистолошки типови и градуси. Низ статистиките на преживување, со прифатен постоперативен протокол, потврдата и дефинитивно се оформува.

Трудот има научно и стручно значење.

28. (100) Bozovic S., Popovski V., Popovic-Monevska D., Benedeti A.
"DIAGNOSTIC AND THEREPEUTIC EVALUATION OF THE SUBMANDIBULAR SIALOLYTHIASIS"
First Macedonian congress on maxillofacial and neck surgery with international participation, 25-27 May, 2006, Ohrid, 30-1.

Во трудот е направена евалуација на сијалолитијазата како доминантен причинител за саливарна дисфункција и постанокот на хроничниот опструктивен сијалоаденит. Акцентирано е значењето на сочувувањето на саливарната функција поради нејзината

дигестивна, секреторна, хормонална, лубрикантна и заштитна функција на оралната шуплина. Кај сите испитаници е запазен дијагностичкиот протокол за утврдување на крајната дијагноза. Акутни воспаленија на субмандибуларната жлезда, кај кои е верифицирана сијалолитијаза во дуктус Вартони, се хируршки третирани со екстракција на сијалолитот, што води до комплетна ремисија на симптомите и реституција на паренхимот. Анализата ги опфаќа и пациентите со дијагностицирани хронични промени каде што е направена екстирпација на саливарната жлезда. Апликативноста на овој труд е понуда на дијагностичките методи, кои овозможуваат правилна дијагностика, а со тоа и подобар третман на сијалоаденити како и утврдување на доминантните промени што настануваат кај хронично променетите жлезди, кои се хистолошки верифицирани.

Трудот има стручно и апликативно значење.

29. (101) Tasevski Lj., Naumovski S., Popovski V., Benedetti A., Grcev A., Popovic-Monevska D., Iliev A.
"CONGESTIVE CARDIOMYOPATHY AND ANAESTHESIA IN MAXILLOFACIAL SURGERY"
First Macedonian congress on maxillofacial and neck surgery with international participation, 25-27 May, 2006, Ohrid,29.

Трудот е рецензиран во Билтенот 937 од 2008 година.

30. (102) Popovski V., Iliev A., Pecanovski R.
"SIGNIFICANCE AND TREATMENT OF LYMPH NODE METASTASES IN SALIVARY GLAND MALIGNANCY" Oral presentation
First Macedonian congress on maxillofacial and neck surgery with international participation, 25-27 May, 2006, Ohrid, 4.

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

31. (103) Iliev A., Popovic-Monevska D., Popovski V., Naumovski S., Pantchevski G.
"AN UNUSUAL PRESENTATION OF A MALIGNANT LYMPHOMA"
First Macedonian congress on maxillofacial and neck surgery with international participation, 25-27 May, 2006, Ohrid, 32.

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

32. (104) Benedeti A., Naumovski S., Popovski V., Monevska D., Bozovic S., Iliev A., Serafimoski P.
"COMPARATIVE STUDY OF CLINICAL RESPONSE TO DIFFERENT ANTIBIOTIC TREATMENT IN TWO GROUPS OF PATIENTS WITH INFECTION IN MAXILLOFACIAL AREA" Oral present.
First Macedonian congress on maxillofacial and neck surgery with international participation, 25-27 May, 2006, Ohrid, 24.

Трудот е рецензиран во Билтенот 913 од 2007 година.

33. (105) Поповски В.
"ГЛАВОБОЛКАТА ПРИ ДЕНТОГЕНИТЕ СИНУЗИТИСИ"

Автор на поглавије и соработник во книгата "ДЕНТОГЕНИ СИНУЗИТИСИ" од академик И. Васков
Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2006

Поглавијето е рецензирано и објавено во книгата.

34. (106) Бенедети А., Наумовски С., Popovski V., Ilievski B.,
"FAMILY JAW CYSTS" Oral Presentation
XVIIth Congress of the European Association for Cranio- Maxillofacial Surgery, Barcelona, Spain, September 2006,
Journal of Craniomaxillofacial Surgery, Volume 34, Supplement 1, 121/O446.

Трудот е рецензиран во Билтенот 937 од 2008 година.

35. (107) Popovski V., Benedetti A., Pantchevski G.
"MASSIVE DEEP LOBE PAROTID NEOPLASMS: ANALYSIS OF DIAGNOSTIC AND TREATMENT MODALITIES" Oral Presentation
XVIIth Congress of the European Association for Cranio- Maxillofacial Surgery, Barcelona, Spain, September 2006,
Journal of Craniomaxillofacial Surgery, Volume 34, Supplement 1, 28-9/O102.

Научна презентација со современа и комплетна корелација на анализиран материјал од хируршки, радиолошки и патохистолошки аспект. Селектиран е материјал од десетгодишно искуство на пациенти оперирани од тумори на длабокиот лобус на паротидните плунковни жлезди. Применет е флуиден пристап во појаснувањето на структурно-функционалните аспекти на регијата со оригиналност во егзактно одредување на стеблото на фацијалниот нерв. Акцентирани се сопствените веќе афирмирани искуства со екстензија во радикалноста и егзактноста на хируршкиот пристап. Конфирмацијата на соодветноста на ваквиот пристап е статистички изведена од резултатите добиени и компарирани со најзначајни студии во врска со нивото на испади на фацијален нерв, рецидиви, мелигнизирање и времето на преживување. Дискутирани се најсовремените дијагностички и оперативни пристапи со посебен осврт на сопствените искуства.

Трудот има научно, стручно и апликативно значење

36. (108) Бенедети А., Наумовски С., Popovski V., Kirkov A.
"MAXILLOFACIAL FRACTURES: A RETROSPECTIVE STUDY"
XVIIth Congress of the European Association for Cranio- Maxillofacial Surgery, Barcelona, Spain, September 2006,
Journal of Craniomaxillofacial Surgery, Volume 34, Supplement 1, 159/P111.

Трудот е рецензиран во Билтенот 937 од 2008 година.

37. (109) Popovski V., Pantchevski G.
"METASTASIZING ATYPICAL CUTANEOUS MALIGNANT HISTIOCYTOMA IN HEAD AND NECK"
XVIIth Congress of the European Association for Cranio- Maxillofacial Surgery, Barcelona, Spain, September 2006,

Journal of Craniomaxillofacial Surgery, Volume 34, Supplement 1, 204/P281.

Авторско искуство со два случаја на малиген фиброзен хистиоцитом кој е исклучителен раритет како тумор на глава и врат, бидејќи како мекоткивен сарком предилекција има на долни екстремитети и ретроперитонеум. Анализиран е дијагностички пристап низ потврда на метастазите во паротидна регија, кои се хируршки третирани со тотални паротидектомии и селективни вратни дисекции, а вклучен е и онколошки протокол. Изведениот заклучок наведува на високото значење на амплифицирана радикалност во оперативниот пристап и ниската сензитивност на радиолошки и цитостатски протоколи за оваа хируршка патологија.

Трудот има стручно и апликативно значење.

38. (110) Моневска Поповиќ Д., Наумовски С., Поповски В., Божовиќ С., Илиев А.
"PREDICTING ORAL CANCER BEHAVIOR BY MULTIPLE HISTOPATHOLOGIC PARAMETARS"
Medimond, Reprint from XVIIth Congress of the European Association for Cranio Maxillofacial Surgery, Barcelona, Spain, September 2006. 75-78.

Во трудот е детерминирана прогностичката вредност на клиничките и патохистолошките параметри во предвидување на окултни вратни метастази и времето на преживување. За таа цел, хистолошки е анализиран биоптичниот материал од примарниот тумор на 75 пациенти со степен на малигнитет, детерминиран за секој пациент. Градуирање на степенот на малигнитет е направено по системот предложен од Nason Richards. Со статистички анализи била добиена сигнификантна поврзаност помеѓу степенот на диференцијација на туморот, типот на инвазија, длабочина на инвазија и васкуларна инвазија на туморот и постоење на вратни метастази. Од друга страна, се потврди дека времето на преживување е силно асоцирано со постоење на метастази при првиот прием на пациентот, инвазија од микроваскуларен тип на туморот и евентуална мускулна инвазија на туморот. Заклучокот на авторите е дека системот за градуирање на степенот на малигнитет на примарниот планоцелуларен карцином е корисен во секојдневната практика за селектирање на пациенти со висок ризик од вратни метастази и за предвидување на агресивен ток на болеста и лоша прогноза.

Трудот има научно и стручно значење.

39. (111) Popovski V.
"CONTEMPORARY DIAGNOSTIC AND THERAPEUTIC DILEMMAS IN SURGICAL PATHOLOGY OF THE SALIVARY GLANDS" Invited Keynote Speaker
14TH International Congress of Turkish Association of Oral and Maxillofacial Surgery, Belek - Antalya, June 2007, IS008/8-16

Трудот е високонаучна презентација со современа и комплетна корелација на анализиран материјал од клинички, хируршки и хистолошки аспект. Применет е флуиден пристап во појаснувањето

на структурно-функционалните аспекти на регијата со оригиналност во егзактно одредување на дијагнозата и третманот на хируршката патологија на саливарните жлезди. Акцентирани се сопствените веќе афирмирани искуства со екстензија во сијалохемиски корелации. Конфирмацијата на соодветноста на ваквиот пристап е статистички изведена од резултатите добиени и компарирани со други најзначајни студии. Презентирани се најсовремените конзервативни и оперативни пристапи со посебен осврт на сопствените искуства.

Трудот има научно, стручно и апликативно значење.

40. (112) Васков И., Поповски В., Моневска-Поповиќ Д.
"ХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЛИЦЕВИ АНОМАЛИИ: ФУНКЦИОНАЛНИ, ГОВОРНИ И ЕСТЕТСКИ РЕЗУЛТАТИ"
Научноистражувачки проект на Македонската академија на науките и уметностите во соработка со Клиниката за максилофацијална хирургија, Скопје и Заводот за слух и говор, Скопје, во период 2005-2007 год.

Проектот е реализиран и објавен во МАНУ.

41. (113) Поповски В., Грчев А., Поповиќ-Моневска Д.
"CONTEMPORARY DIJAGNOSTIC WORK-UP FOR SJOGREENS SYNDROME AND MANAGEMENT OF SALIVARY GLAND COMPLICATIONS" Орална презентација
XVII конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2007,
Македонски медицински преглед 61: супл. 68, 70

Авторите презентираат исцрпна научна студија на автоимун ентитет во синдромски комплекс. Притоа, посебна тежина му дава мултифакторската обработка на податоците, од каде што е и инициран концептот во дискусијата, кој ја промовира супериорноста на одделните дијагностички методи за оваа патологија. Експресивноста во предоперативното планирање е разработена преку компликации на случаи во МАЛТ лимфоми во саливарна жлезда. Мултидисциплинарната екстендираност на разработката на проблематиката и наодите за сигнификантно подобрените резултати по дециден оперативен третман ја комплетира оригиналноста на истражувањето.

Трудот има научно и стручно значење.

42. (114) Грчев А., Поповски В., Панчевски Г., Поповиќ-Моневска Д.
"ДИЈАГНОСТИЧКА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА НА ВРАТНИТЕ ТУМЕФАКТИ", Орална презентација
XVII конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2007,
Македонски медицински преглед 61: супл. 68, 180

Презентација на искуствата на авторите со компарација на највисоките можности на современите и надградени имиџинг радиолошки техники од аспект на дијагностиката на вратните маси.

Референтна вредност за дел од анализата претставуваат оперативниот наод и дефинитивниот патохистолошки наод. Суптилната диференцијална дијагностика е децизивно клиничко проценување за типот на оперативата, со можност за максимална редукција на можните компликации.

Трудот има научно и апликативно значење.

43. (115) Поповски В.
"ПСИХОЛОШКА СОСТОЈБА НА ПАЦИЕНТИТЕ ПРЕД И ПО ХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ КАЈ ВИЛИЧНИТЕ И ЛИЦЕВИТЕ АНОМАЛИИ"
"АКТУЕЛНОСТИ ВО ТРЕТМАНОТ НА ЛИЦЕВОВИЛИЧНИТЕ АНОМАЛИИ"
Автор на поглавја и соработник во книгата "АНОМАЛИИ ВО МАКСИЛОФАЦИЈАЛНАТА РЕГИЈА" од академик И. Васков
Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2007.

Поглавјата се и рецензирани и објавени во книгата.

44. (116) Popovski V.
"PRINCIPLES IN MANAGEMENT OF SEVERELY INJURED PATIENTS WITH MAXILLOFACIAL TRAUMA" Introductional Lecture Skopje EACMFS Educational Center, First Course-Facial Trauma, November 2007.

Трудот потенцира основни карактеристики на современ третман на максилофацијалните повреди. Иако постапките во проценувањето и почетниот третман на пациентот со траума се одредени и се со линеарен распоред, во примарната анализа се идентификуваат живото-загрозувачките состојби и згрижувањето се отпочнува симултано. Секундарните фази во решавањето на овие трауми се клинички со децидна дијагностика, егзактен избор и реализирање на третманот на овие повреди, кој има своја висока специфичност независно дали се работи за изолирани или комбинирани трауматски делувања.

Трудот има стручно и апликативно значење.

45. (117) Popovski V.
"MASSIVE DEEP LOBE PAROTID NEOPLASMS AND PARAPHARYNGEAL SPACE-OCCUPYING LESIONS: DIAGNOSTIC AND SURGICAL APPROACHES"
Contributions, Sec. Biol. Med. Sci. MASA, XXVII/1, 2007, 113-127.

Високата специфичност на регионалните анатомски карактеристики и значително зголемената инциденца на неоплазмите што го зафаќаат парафарингеалниот простор, наметнуваат потреба од акумулација на искуства за адекватен дијагностички пристап за нивно утврдување и софистицирана предоперативна проценка. Туморите на парафарингеалниот простор опфаќаат широк дијапазон на бенигни или малигни неоплазми од различно тивно

потекло. Направена е комплетна анализа на клиничкиот ток на сопствен материјал од 26 пациенти оперативно третирани со потврдена парафарингеална неоплазма. Изведуван е рутински дијагностички алгоритам за неоплазми на паротидна ложа и парафаринкс, проследен со соодветна хируршка процедура како и адекватни модификации. Артериографија била изведувана само кога имало суспектност за постоење на гломус тумор или ако било евидентно зафаќање на каротидни крвни садови со ризик од нивно повредување при хируршкиот зафат.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на изнесените податоци во овој извештај како и од личните сознанија за вонреден професор д-р Владимир Поповски др. сци., како асистент, доцент и вонреден професор, неговиот исклучителен напредок во науката и хирургијата, неговите потврдени способности за пренесување на теоретски и научни сознанија на студентите и помладите колеги, Комисијата, земајќи ја предвид целосната дејност на кандидатот како максилофацијален хирург, како наставник и научен работник, има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, да го избере во звањето редовен професор по предметот максилофацијална хирургија.

***Рецензентска комисија***

Проф.д-р Славе Наумовски, с.р.

Проф.д-р Марија Накова, с.р.

Проф.д-р Миле Царчев, с.р.

Проф.д-р Драгољуб Велевски, с.р

Проф.д-р Јулијана Ѓоргова, с.р.